РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2028/2
19-09-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на ден 27.08.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Пријавата со број 09-2028/1 од 24.07.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани наводи кои укажуваат на незаконити дејствија на пријавеното лице при вршење на неговите службени должности.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 02.07.2025 година е поднесена пријава против д-р --------------------, директор на ЈЗУ Здравствен дом ----------, во која се наведува дека лицето покрај вршењето на функцијата директор на ЈЗУ Здравствен дом ----------- извршува и други функции и тоа: претседател на Општинската организација на Црвениот крст -----------, судски вештак, потпретседател на општинскиот комитет на -------------, претседател на изборниот штаб на -------------, член на Советот на општина ------------ во период од 2013 до 2017 година и актуелен кандидат за член на Советот на Општина -------------, за што пријавителот смета дека е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По разгледување на пријавата, Државната комисија оцени дека кај пријавеното лице не постои состојба на судир на интереси во смисла на членот 2 став 3 од Законот за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

спречување на корупцијата и судирот на интереси и нема постапување спротивно на забраните за вршење на други дејности предвидени со член 44 од истиот Закон.

Имено, лицето д-р ------------ извршува само една функција В.Д. директор на ЈЗУ Здравствен дом ------------, на која е именувана од страна на министерот за здравство со акт бр.11-5969/3 од 13.08.2024 година.

Припадноста на одредена политичка партија и кандидатурата за член на совет на општина не претставува основ за судир на интереси само по себе, туку само доколку тоа води кон конкретна повреда на закон или користење на функцијата за партиски цели, што во овој случај не е утврдено и не е дел од наводите од пријавата. Исто така, активностите во Општинската организација на Црвениот крст --------------- како претседател и стручно ангажирање како вешто лице не спаѓаат во опфатот на забраните за вршење на други дејности пропишани со членот 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател,**
**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК